**ЗАКЛУЧОЦИ ОД 86та СРЕДБА НА ПРАВНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Големо задоволство ни е да потенцираме дека најголем дел од темите што ги најавивме за елаборација и дискусија на 86тата Средба уште кон крајот на август 2023 година, добија свое место, повеќе во негативна конотација, во Годишниот извештај на Европската Комисија за напредок на државата во евроинтегративните процеси.

Исто така, во текот на самата Средба, се најави формирање на работна група за реформа на Судскиот совет, формирана од работната група.

Сето ова докажа дека, како Здружение на правниците, сме на прав пат во идентификување на теми кои ги засегаат сите правници, без оглед во кој (не)регулиран дел од професијата се реализираат како експерти и дека можеме да бидеме релевантен фактор и да дадеме активен придонес во реформата на правното опкружување што сите заено нé засега.

**I**

Во врска со **измените на Законот за облигационите односи** од јули 2023 г. и предизвиците од нивната имплементација беше заклучено:

- Реформата во овој дел требаше да биде посеопфатна, со пошироко вклучување на експертската јавност;
- Подобро, подетално и номотехнички појасно регулирање на застареноста, односно да се скратат роковите за физички лица, но не и за трговските договори;
- Треба да се донесе посебен закон за отпуст или застареност на долговите на јавните претпријатија кон ранливите групи на потрошувачи;
- Треба да се размисли дали донесувањето на Закон за личен банкрот ќе биде посоодветен за должниците кои не можат да ги платат своите долговите;
- Да се најде начин на дефинирање на багателни, мали долгови и да се уреди законска рамка да не се дозволи тие да пораснат енормно со камати и трошоци за извршување;
- Да се размисли да се нормира одредба со која доверителот би бил задолжен барањето за извршување на побарувањата да мора да се поднесе во рок од една година од денот на правосилноста и извршноста на одлуката или порамнувањето, под закана на губење на правото и
- Сé уште нема развиено доволна судска пракса за да се донесат правни заклучоци од работна средба на четирите апелациони судови, ниту, пак, за начелни ставови и начелни правни мислења од Врховниот суд на РСМ со цел да се обезбеди единство во примената на одредбите од изменетиот Закон за облигациионите односи што создадоа проблеми во практиката.

**II**

Во врска со **измените на Кривичниот законик од септември 2023 г.** се заклучи:

- По триесетина измени и дополнувања и одлуки на Уставниот суд, сама по себе, се наметнува потреба за донесување на нов Кривичен законик („КЗ“);
- Работата на новиот КЗ започна во септември 2019 година со поддршка на ОБСЕ, а продолжи во рамките на Министерството за правда од декември 2020 година;

- Првичниот Предлог на кривичниот законик беше објавен на ЕНЕР и достапен за јавно коментирање во јули 2022 година, одржани се пет јавни расправи, одржани дискусии на 4те апелациони подрачја и од страна на работната група се разгледани над 50 мислења на институции и граѓански организации доставени до Министерството за правда;
- Евидентни се грешки и невоедначеност на криминалната политика предизвикана со парцијалните измени на КЗ;
- На прашањето дали за службените дела (посебно делата на корупција) во КЗ беа предвидени строги казни, се заклучи дека одговорот е негативен споредено со други дела, иако КЗ е еден од најстрогите закони во Европа според висината на пропишаните казни;
- Но, од друга страна, се заклучи дека казнената политика за овие кривични дела во државата е исклучително блага: (2017- 88% изречени алтернативни мерки, 2018 – 67% изречени алтернативни мерки, 2019 – 64% изречени алтернативни мерки, 2020 – 72% изречени алтернативни мерки, 2021- 77,5% изречени алтернативни мерки);
- „Непланирани“ и брзи (експресно усвоени) измени на КЗ во септември 2023 година. Извор на измените: непознат (наводно усогласување со европските законодавства, без конкретна основа) со исклучување на пошироката експертска јавност во процесот и
- Овие неконзистентни, парцијални измени на КЗ, за кратко време предизвикаа проблеми поврзани со: надлежноста, преквалификација на делата, примената на подоцнежен поблаг закон и со застареноста на казненото гонење. Сите овие проблеми, се очекува, да предизвикаат значителни, финансиски импликации за буџетот на државата.

**III**

Во врска со третиот блок на теми посветени на **легалитетот наспрема легитимитетот на судскиот совет во македонскиот правосуден систем** и на **ветингот** како правен механизам за прочистување на државните институции од некомпетентни и корумпирани кадри се заклучи:

- Решението за предизвиците со легалитетот и легитимитетот на работата на Судскиот совет не може да се бара во постојаните законски измени и дополнувања;
- Судскиот совет за својата работа поднесува извештај до Собранието на РСМ;
- Собранието, врз основа на извештајот за работа (но и ad hoc) може да поведе постапка за интерпелација во која ќе констатира одговорност на член на Судскиот совет;
- И без експлицитна законска одредба, Собранието може да изврши сосушувања на кандидатите;
- Уредување на постапката за дисциплинска одговорност на членовите на судски совет, преку зголемување на учество на Здружението на судиите или Собрание на судии, во одлучувањето за дисциплинската одговорност на членовите на Судски совет, со што ке се воспостави меѓусебна контрола помеѓу судиите и членовите на судски совет. Со ова улогата на судиите нема да биде само во иницирањето на постапка за одговорност на членовите на судски совет, која се покажува како нефункционална, туку и во самото одлучување, како ефикасен

механизам на одлучување за друг, а не за себе, како што е сега законската поставеност на овој механизам;

- Обезбедување на ефективна двостепеност на дисциплинската постапка против судиите преку предвидување на можност за жалба против сите одлуки на Судски совет пред надлежната судска инстанца, а не само против првата одлука т.е принцип на конечна судска одлука;
- И без изречна законска обврска, Собранието и Претседателот на државата може да побараат номинации на кандидати кои ги исполнуваат законските услови за избор од еснафските здруженија, академската заедница, невладините организации;
- Дополнително дефинирање на поимот „истакнат правник“;
- Политичка ХЕТЕРОГЕНОСТ наместо политичка НЕУТРАЛНОСТ: дел од „истакнатите правници’ ги предлага опозицијата под услов да ги исполнуваат сите законски критериуми и европски стандарди и/или да произлегуваат од листите на кандидати номирнирани од невладиниот сектор, универзитетската заедница, адвокатската комора;
- Доуредување на постапката за избор на членовите на Судски совет од редот на судиите, во насока на промена на изборниот модел од една страна и учество на судиите во постапката за избор на членовите на Судски совет од редот на истакнатите правници од друга, преку спроведување на интервју над кандидатите, во насока на осознавање на профилот на кандидатот;
- Способност за разрешување на внатрешни конфликти, односно дали Судскиот совет има капацитет да развие сопствено лидерство;
- Општа е констатацијата дека Судскиот совет треба да ги зголеми напорите за обезбедување на својата функционална автономија во рамките на уставната и законска поставеност, притоа манифестирајки целосна независност и самостојност;
- Нормативната и севкупната поставеност создава кофликтна и неконзистентна состојба, помеѓу Судски совет и Врховниот суд на РС Македонија и
- Досегашното функционирање на Судскиот совет, особено во последните месеци, манифестираа низа правни и процедиурални недоследности кои се одразуваат на функционалноста на ова тело.

Во делот на ветингот како правен механизам за прочистување на државните институции од некомпетентни и корумпирани кадри се заклучи дека во дадените македонски околности, можеби е подобро да се спроведе процес на претходна проверка (pre-vetting), односно преку формирање на *ad hoc* независна комисија да се изврши проверка на професионалните критериуми, моралните и етичките стандарди и потеклото на имотот на кандидатите за одредена функција или за вработување во државни органи или јавни претпријатија.

## IV

Наредниот блок на теми беше посветен на **работните односи и проблеми што во практиката се појавуваат во врска со примената на законските и подзаконските акти поврзани со трудовото право**.

Беше дискутирано за сличностите и разликите помеѓу измената на договорот за вработување и понудата на нов променет договор пред отказ, како и за практичните

проблеми од постапката за откажување  на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и работодавачот.

Работно-правниот институт отказ со понуда на нов променет договор предвиден во членот 78 од Законот за работни односи, подразбира откажување на конститутивните елементи на работниот однос меѓу работникот и работодавачот, заснован со договорот за вработување.

Во делот на постапката за откажување  на договорот за вработување со отказ од страна на работникот и работодавачот се препорача да се внимава на спецификите на сите фази, односно постапки при откажување на договорот: претходната постапка (обезбедување на докази, земање на изјави), постапката кај работодавачот и судската постапка.

Беше заклучено дека при преземање на одредени законски решенија од земји со сродна правна традиција да се внимава на изворните решенија на земјата на оригиналот. Имено, многу одредби во законите од сферата на работните односи се преземаат од германското трудово право, но индиректно, најчесто преку законските одредби во хрватските закони, како закони кои се усогласени со правото на Европската Унија. Но, тука често се јавува проблемот на погрешен превод, што создава нејаснотии и правна несигурност во примената на респективните закони.

**V**

Конечно, последниот блок на излагања беше наменет за предложените **новини во уредувањето на индустријата за хартии од вредност** (финансиски инструменти, проспект, транспарентност) и за **новините во уредувањето на трговските друштва** (транспонирање на ЕУ компаниското право во македонското право на трговските друштва).

Накратко беа презентирани новините во Предлог законот за финансиски инструменти, Предлог законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност, како и Предлог законот за трговските друштва.

Ова претставуваше првично запознавање на правничката стручна јавност со новините предложени во овие предлог закони, особено од аспект на нивната усогласеност со европскиот acquis, односно регулативите и директивите на Европската Унија што се однесуваат за секој од овие закони посебно.

Се потенцираше дека во тек е или дека за кратко време ќе започне јавна расправа по овие законски текстови, откако е завршена фазата на нивно запознавање и коментирање на платформата ЕНЕР.

Она што беше потенцирано како позитивна пракса е дека постапката за изработка на овие законски текстови била максимално инклузивна, односно дека имало широка опфатност и застапеност на систе засегнати страни.

**Погорните Заклучоци ќе бидат доставени до надлежните државни органи.**